РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-4056/8
26.09.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од единаесеттата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 24.9.2025 година**

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** Драгица Љубевска, Маја Дамевска, Емилија Јаневска, Магдалена Д. Довлева, Цветанка Митревска, Ивана Стојановска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори единаесеттата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата почна во 10:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, објасни дека ќе изврши корекција на предложениот Дневен ред, односно точката под „Разно" – Предлог-правилник за изменување на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе биде преместена како точка 6, додека двете следни точки ќе бидат поместени за еден број погоре.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот коригиран:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записникот од првото продолжение на деветтата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.9.2025 година.
2. Усвојување на Предлог-записникот од десеттата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.9.2025 година.
3. Нацрт-упатство за радиодифузерите за Локалните избори 2025.
4. Предлог-упатство за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка.
5. Предлог-упатство за изменување и дополнување на Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање.

6. Предлог-правилник за изменување на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка на стока: канцелариски материјали.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка на услуга: систематски прегледи.
9. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од првото продолжение на деветтата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.9.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од десеттата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.9.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

На седницата директорот Зоран Трајчевски информираше дека пред секој изборен циклус Советот на Агенцијата усвојува упатство за радиодифузерите и политичките партии, со кое се уредува распределбата на времето за платено политичко рекламирање и за претставувањето на политичките партии на јавниот сервис за време на изборниот процес. Во насока на изработката на упатството биле одржани два состанока со надлежните институции – Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување корупција и самата Агенција. Дополнително, ден пред седницата се одржал состанок во Собранието со пратеници од различни политички партии, со цел усогласување на ставовите. Трајчевски посочи дека поради тоа што измените на Изборниот законик не беа усвоени во Собранието, законот содржи низа недоречености. Четирите институции заеднички испратиле допис до претседателот на Собранието, укажувајќи дека со сегашното законско решение одредени политички партии нема да можат да се претстават преку платено политичко рекламирање, бидејќи законските измени направени во 2021 година не ја одразуваат актуелната состојба во Парламентот. Сепак, Агенцијата е должна да постапува согласно важечкиот закон и на таа основа се предлага усвојување на Нацрт-упатството. По усвојувањето, Нацрт-упатството ќе биде објавено на веб-страницата на Агенцијата, а политичките партии и медиумите ќе имаат можност да достават свои забелешки. Потоа, в петок ќе се одржи нова седница на која ќе се разгледа финалната верзија, бидејќи веќе в понеделник почнува кампањата за локалните избори 2025 година и е потребно склучување договори за платено политичко рекламирање. Директорот ги појасни и правилата за распределба на времето за рекламирање: 45 % од средствата

(односно по 4 минути) им припаѓаат на двете најголеми владејачки коалиции и на двете најголеми опозициски коалиции според резултатите од парламентарните избори во 2024 година. Една минута е предвидена за партиите кои имаат пратеници, но не доволен број за формирање пратеничка група (како ЛДП, Демократската партија на Турците и Демократската партија на Србите), додека 30 секунди се резервирани за партиите кои не се застапени во Собранието и за независните кандидати.

Во дискусијата, претседателот на Советот Сашо Стефановски постави прашање во врска со партиите ЗНАМ и Левица, кои не се опфатени со постојниот Закон. Трајчевски одговори дека ваква категорија не е предвидена во Изборниот законик и токму поради тоа институциите реагирале до Собранието, иако нема можност за измена пред овие избори.

Советничката Цветанка Миновска нагласи дека ваквата состојба создава нерамноправност меѓу кандидатите, но дека законот мора да се почитува.

Директорот Трајчевски се согласи дека промените требало да бидат усвоени во Парламентот, но истакна дека Агенцијата е обврзана да постапува според законските одредби.

Советникот Петар Џуровски предложи Агенцијата да подготви јавно соопштение со кое ќе ја информира јавноста за состојбата, за да се избегнат евентуални критики и недоразбирања.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Нацрт-упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за програмски работи Емилија Јаневска го образложи Предлог-упатството за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка. Таа појасни дека на третата седница, одржана на 7 јули 2025 година, Советот на Агенцијата усвои Нацрт-упатство за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка и отвори јавна расправа. За време на јавната расправа не беа доставени мислења или коментари. Поради тоа, Предлог-упатството остана со истата содржина како Нацрт-упатството, со единствена корекција во референците – во преамбулата и во точка 2 – каде се наведува новиот Деловник за работа на Агенцијата. Потсети дека измените и дополнувањата на Упатството произлегуваат од потребата за усогласување со измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 2023 година и со измените на Законот за медиуми од 2025 година. Со упатството се утврдуваат рокови за постапување по мерката јавна опомена и за новите субјекти – онлајн медиуми, интернет-портали, даватели на услуги и платформи за споделување видео. Дополнително, се воведуваат рокови за постапување по новите одредби од 2023 година, кои се однесуваат на обезбедување пристапност до содржините за лица со попреченост и на заштита на личните податоци на малолетните лица. Предложено е и усогласување на времетраењето на роковите за изрекување мерки за сите субјекти.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Упатството за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка.

Точка 5

Раководителката на Секторот за програмски работи Емилија Јаневска го образложи Предлог-упатството за изменување и дополнување на Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање. Таа појасни дека на петтата седница, одржана на 21 јули 2025 година, Советот на Агенцијата донесе Нацрт-упатство за изменување и дополнување на Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање. За ова упатство беше отворена јавна расправа, која траеше 45 дена и заврши на 5 септември. Во текот на расправата не беа доставени предлози, мислења или коментари, поради што текстот на Предлог-упатството остана идентичен со текстот на Нацрт-упатството. Единствената корекција се однесува на референците од новиот Деловник за работа на Советот на Агенцијата. Во рамките на упатството се предложени четири клучни измени: две произлегуваат од измените на Изборниот законик, а две се резултат на досегашното искуство на Агенцијата во спроведувањето на законските обврски за време на изборните процеси. Во Глава 1 и Глава 5 предложените измени се поврзани со трошоците за исплата на емитуваното платено политичко рекламирање и со фактот дека обрасците за медиа плановите и за извештаите за реализираното емитување ги пропишува и објавува Државната изборна комисија. Овие измени произлегуваат од претходните измени на Изборниот законик. Во Глава 2 и Глава 3 измените се однесуваат на начинот на доставување на медиа плановите и на снимките од програмите на радиодифузерите, а тие произлегуваат од практичните искуства на Агенцијата при спроведување на изборните циклуси.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Упатството за изменување и дополнување на Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање.

**Точка 6**

Директорот Зоран Трајчевски го образложи Предлог-правилникот за изменување на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Појасни дека согласно Деловникот, за правилници кои не се однесуваат на регулирањето на субјектите што се предмет на надзор на Агенцијат не е задолжително да се спроведе јавна расправа. Иако неговиот став генерално е дека јавна расправа треба да има, овој пат беше предложено измената да се донесе без таква постапка, бидејќи станува збор само за техничко прашање. Тој појасни дека измената се однесува единствено на замената на регистарските таблички на службените возила, кои, согласно Одлуката на Владата, мора да бидат со црвена боја. На тој начин граѓаните можат лесно да ги препознаваат службените возила и, во случај на злоупотреба, да ги информираат надлежните институции. Новите таблички веќе се издадени и монтирани на возилата на Агенцијата. Дополнително, Трајчевски нагласи дека итноста на оваа измена произлегува и од фактот што колегите од Агенцијата имаат планирано службено патување во Косово на значајна конференција, за кое е неопходно возилата да имаат важечки регистарски таблички.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои Правилникот за изменување на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – стока: канцелариски материјал. Истакна дека набавката е предвидена со Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2025 година. Таа појасни дека целта на набавката е да се задоволат секојдевните потреби на вработените во Агенцијата, пред сѐ за вршење мониторинг на Локалните избори во 2025 година, а и за другите активности на Агенцијата. Во однос на финансиските средства, информираше дека оваа набавка ќе биде спроведена како набавка од мала вредност и постапката ќе почне со објавување оглас на електронскиот систем за јавни набавки. Другите детали се содржани во материјалите што беа доставени до членовите на Советот за разгледување на оваа точка.

Советот на Агенцијата едногласно му даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување постапка за јавна набавка - стока: ситен и потрошен информатички материјал.

**Точка 8**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи предлогот за одобрување на постапката за јавна набавка на услуга – систематски прегледи. Таа појасни дека целта е превентивно дејствување и зачувување на здравјето на вработените во Агенцијата, согласно Законот за безбедност и здравје при работа и Колективниот договор на Агенцијата. Постапката ќе се спроведе во согласност со Законот за јавни набавки и ќе ги опфати сите вработени во Агенцијата, вклучително и членовите на Советот. Во техничката спецификација се наведени сите видови прегледи што треба да се извршат, а дополнителните податоци се достапни во материјалите за оваа точка.

Претседателот Стефановски посочи дека со изразот „сите вработени во Агенцијата“ разбирливо се опфатени и членовите на Советот, па затоа во иднина нема потреба тие да се издвојуваат. Митревска појасни дека во образложението ги навела одделно, бидејќи согласно Законот постои разлика меѓу членови на Совет и вработени во Стручната служба.

Советничката Гордана Мајонова праша каде и кога ќе биде објавена набавката за систематските прегледи.

Раководителката Митревска информираше дека набавката ќе биде објавена на Електронскиот систем за јавни набавки, веднаш по комплетирањето на целокупната документација, односно во рок од три до четири дена. Таа додаде дека сите заинтересирани кои ги исполнуваат условите од тендерската документација ќе можат да учествуваат во постапката.

Советничката Мајонова побара членовите на Советот навремено да бидат известени за објавувањето на набавката. Таа нагласи дека систематските прегледи може да се реализираат и во јавни здравствени установи, со што би се обезбедила финансиска поддршка за нив, при избор на поликлиника која овозможува комплетна здравствена услуга.

Советот на Агенцијата едногласно му даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување постапка за јавна набавка на услуга: систематски прегледи.

**Точка 9**

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**